Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 08 - 434/1
29.05.2024 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ,ФОНДАЦИИ, КАКО: СПОРТСКИ КЛУБОВИ, МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ,ЦРКОВНИ ОДБОРИ,КУЛТУРНО- УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА, ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И СЛИЧНО ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2024 ГОДИНА

Врз основа на Методологијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Новаци на здруженија на граѓани,фондации, како: спортски клубови, месни заедници,црковни одбори,културно- уметнички друштва, верски заедници и слично, бр.14-478/9 од 31.05.2016 година, Измената на Методологијата бр.14-266/11 од 15.03.2017 година и бр.14-105/6 од 31.01.2023 година, се објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ,ФОНДАЦИИ, КАКО: СПОРТСКИ КЛУБОВИ, МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ,ЦРКОВНИ ОДБОРИ,КУЛТУРНО- УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА, ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И СЛИЧНО ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2024 ГОДИНА

1. Приоритетни области за поддршка

Распределбата на средствата за здруженија на граѓани,фондации, и слично од буџетот на Општина Новаци се врши преку објавување на јавен повик и доделување на грантови ( во вид на парични средства, градежни материјали или прехрамбени продукти и пијалоци) за проекти во приоритетните области и цели утврдени со актуелните стратешки документи и програми за работа на општината, а кои се однесуваат на локалниот - економски развој, образование,социјала, култура, верски обичаи и традиции, техника, наука, здравство, спорт, екологија, животна средина и други области.

Износот на средства кои се предвидена во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година изнесува 8.000.000,00 денари.

2. Постапка при одлучување за финасирање на проекти

За средствата предвидени во буџетот на Општина Новаци и изборот на проекти за оваа намена одлучува Комисијата за финансии,буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци, за што изготвува ранг листа и истата ја предлага до градоначалникот на Општина Новаци.

Средствата се користат еднаш во календарската година, со тоа што 80% од планираниот износ во Буџетот на Општина Новаци во тековата година за вакви трансфери се доделуваат на поднесени барања по јавен повик, а 20% ќе се распределуваат во текот на годината со поднесување на барање.

Изборот на проекти се врши од страна на Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР.

Општината ги објавува резултатите од јавниот повик, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна www.opstinanovaci.gov.mk.

3. Критериуми за аплицирање, проценка и евалуација на поднесените апликации

На објавениот јавен оглас можат да се пријават односно приоритет ќе имаат здруженија на граѓани,фондации и слично со седиште во Новаци, или со седиште во други општини под услов ефектите од проектите да придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот во Општина Новаци.

Евалуацијата на поднесените проекти апликации ќе се врши според следниот начин на бодување:

| | |
|---|---|
| 1.Да се со седиште во Општина Новаци | 30 / 20 |
| 2. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 10 |
| 3. Опис на акцијата (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4. Ефекти во локалната средина (влијание врз целните групи и корисниците, одржливост) | 40 |
| Максимум бодови | 100 |

За да биде квалификувана за финансиска поддршка, проектната апликација мора да освои најмалку 70 бодови.

4. Временска рамка за спроведување на проектите е до крајот на фискалната година, односно до 31.12.2024 година.

5.Здруженија на граѓани,фондации, како: спортски клубови, месни заедници,црковни одбори,културно- уметнички друштва, верски заедници и слично, имаат право да поднесат една или повеќе апликации за финансиска поддршка, од кои само една може да биде одобрена од Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР. Повеќе здруженија на граѓани,фондации, како: спортски клубови, месни заедници,црковни одбори,културно- уметнички друштва, верски заедници и слично, може да аплицираат заеднички со еден предлог проект.

6.Потребна документација за аплицирање

Апликантите потребно е да ја достават следната документција :

- Пополнет Образец за пријавување – достапен на веб страната на Општина Новаци www.opstinanovaci.gov.mk во склоп на целокупната документација и Јавниот повик и во просториите на Општина Новаци
- Пополнет Образец за Извештај за искористени средства во 2023 година од Општина Новаци ( за оние кои добиле средства во претходната година) достапен на веб страната на Општина

Новаци во склоп на целокупната документација и Јавниот повик и во просториите на Општина Новаци
- Тековна состојба од Централен регистар ( не постара од 6 месеци)

Документацијата се доставува во Архивата на Општина Новаци до Комисија за финансии, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци со назнака за Јавен Повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани,фондации, како: спортски клубови, месни заедници,црковни одбори,културно- уметнички друштва, верски заедници и слично од буџетот на Општина Новаци за 2024 година или на адреса: Општина Новаци , ул.1 ва бр. б.б , 7211 , с. Новаци, почнувајќи од 29.05.2024 година заклучно со 29.06.2024 година до 15 часот.

7. Критериуми за имплементација на поддржаните проекти

- Користењето на доделените средства ќе биде специфицирано во договорот помеѓу здруженија на граѓани,фондации и слично и Општина Новаци
- Договорот треба да ги содржи најмалку следните елементи: предмет на договорот, висината на доделените средства,вид на средства, временска рамка за спроведување на договорот, обврска совесно и одговорно да се користат доделените средства, како и да се вратат неискористените средства, обврска да се обезбеди видливост на поддршката на општината, начин на известување, оценка и следење итн.
- Доделените средства на здруженија на граѓани,фондации и слично ги користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог проектот.
- За време на имплементирањето на проектните активности здруженија на граѓани,фондации и сл. задолжително да обезбедат видливост на поддршката од општината преку користење на логото на општината и покана за присуство на официјални лица од општината на јавните настани.
- Во рок од 30 дена по завршувањето на проектните активности, а најдоцна до 31-ви јануари следната година, здруженија на граѓани, фондации и слично кои добиле средства доставуваат извештај за користењето на средствата до Комисијата.

8. Набљудување на имплементацијата на поддржаните проекти од страна на општината

Градоначалникот на Општина Новаци и Комисијата го следат наменското трошење на доделените средства. Набљудувањето вклучува посети на терен на однапред најавени активности во рамките на проектот и посети во канцелариите на здруженија на граѓани, фондации и слично.

Комисијата може да бара поврат на доделените средства доколку утврди дека средствата се трошат ненаменски и спротивно на договорот.

Комисијата спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженија на граѓани, фондации и слично. Комисијата поднесува писмен извештај за користењето на распределените средства и постигнатите резултати од поддржаните проекти до Советот на Општина Новаци.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски
---------------------------

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци